РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО
Бр. 02-824/1
26.05. 2016 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 9 став (1) алинеја 12 од Законот за воздухопловство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16 и 31/16), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство донесе

# ОПЕРАТИВНА ДИРЕКТИВА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА EASA ОДОБРЕНИЈА ЗА PART 145 ОРГАНИЗАЦИИ, CAMO ОРГАНИЗАЦИЈА, ДОДАТОК НА УВЕРЕНИЕ ЗА ТИП(STC), МОДИФИКАЦИИ(MODIFICATIONS) И ПОПРАВКИ(REPAIRS) ВО Р. МАКЕДОНИЈА

1. Целта на оваа оперативна директива за безбедност е дефинирање на условите за признавање на одобренија за PART 145 организација, CAMO организација, ДОДАТОК НА УВЕРЕНИЕ ЗА ТИП(STC), МОДИФИКАЦИИ(MODIFICATIONS) И ПОПРАВКИ(REPAIRS), издадени или одобрени од други држави.

2. Оваа оперативна директива за безбедност се применува за сертификати, уверенија или одобренија согласно EASA стандарди за PART 145 организација, CAMO организација, додаток на уверение за тип(STC), модификации(MODIFICATIONS) и поправки(REPAIRS), издадени од:

   - земји членки на ЕУ и

   - земји членки на ICAO кои не се членки на ЕУ

3. Одобренија за PART 145 организација, одобренија за CAMO организација, додаток на уверенија за тип(STC), модификации (MODIFICATIONS) и поправки(REPAIRS) издадени или одобрени од земја членка на ЕУ или од EASA, директно се прифаќаат во Р. Македонија.

4. За да се признае одобрение за PART 145 организација(AMO) или CAMO организација, издадени од земја членка на ICAO која не е членка на ЕУ, потребно е предходно да се направи инспекциски надзор(audit) и доколку се исполнети пропишаните услуви(EASA стандарди) за нивно прифаќање во Р. Македонија, се издава уверение(сертификат) за валидација.

5. За да се прифати додаток на уверение за тип(STC), модификации(MODIFICATIONS) и поправки(REPAIRS) на воздухопловите регистрирани во Р. Македонија потребно е истите да се одобрени од EASA или од PART 21 организација сертифицирана или прифатена од EASA. Сервис билтени(Service Bulletins) изготвени од производители (TCDS holder) одобрени од EASA исто така дирекно се прифаќаат.

6. Со оглед на фактот што Закон за воздухопловство не предвидува правна основа, односно не го регулира признавањето на одобренија за PART 145 и CAMO организациите издадени од земји членки на ЕУ или земји членки на ICAO кои не се членки на ЕУ, како и недостаток на правна основа за прифаќање на додаток на уверение за тип(STC), модификации(MODIFICATIONS) и поправки(REPAIRS) издадени или одобрени од земја членка на ЕУ или од EASA апликативни за воздухоплови регистрирани во Р. Македонија се утврди потреба за дефинирање на овие недостатоци.

7. Оваа оперативна директива за безбедност влегува во сила наредниот ден од денот на нејзино донесување и објавување на интернет страната на Агенцијата за цивилно воздухопловство.

**Директор,**

**Горан Јандреоски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО * СКОПЈЕ *